**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 57 од Статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес и член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД - Велес, на седницата одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за продажба на градежни-деловни нефункционални објекти**

**Член 1**

Се одобрува продажба на градежни-деловни нефункционални објекти сопственост на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес и тоа на:

-Магацини во село Логоварди-Битола во вкупна површина од 17.511 м/2 од кои градежни објекти во површина од 5.647 м/2 и двор во површина од 11.864 м/2 на КП.бр.1148 евидентирани во Имотен лист бр.253 за КО Логоварди;

-Продавница во Битола во површина од 167 м/2 на ул.Булевар 1-ви Мај бр.19, на КП.бр.10431, евидентирана во Имотен лист бр.70781 за КО Битола;

-Стоковна куќа 26-ти јули во Скопје во површина од 1.370 м2 на ул.Крсте Мисирков бр.63 на КП.бр.8973 евидентирана во Имотен лист бр.40049 за КО Центар 1;

-Продавница во Куманово во површина од 45 м2 на ул.3-та Македонска ударна бригада бр.бб на КП.бр.18351 евидентирана во Имотен лист бр.42120 за КО Куманово;

-Магацин во Кичево на ул.Индустриска бб евидентиран на КП.бр.3074/2 за КО Кичево со право на конечна распределба од стечајната маса од 20,27%;

**Член 2**

Објектите да се продадат по пат на јавна продажба или со непосредна спогодба според пазарни цени кои се најповолни на продажбата за друштвото.

**Член 3**

Се задолжува Одборот на директори да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,
Претседавач,